# СТУДИСКА ПРОГРАМА

**Енологија**
**Трет циклус на тригодишни студии**
**180 ЕКТС**
**(2019/2020)**

**1.Општи дескриптори на квалификации за трет циклус на тригодишни студии со 180 ЕКТС, студиска програма Енологија, Кампус 2, Земјоделски факултет, Универзитет „Гоце Делчев”- Штип**

| Ниво во Националната рамка на високообразовните квалификации | Високо образование | Ниво во Европската рамка на високообразовни квалификации |
|---|---|---|
| VIII | III циклус на студии<br>Докторски студии | 8 |

**Квалификации кои означуваат успешно завршување на третиот циклус на студии (180 ЕКТС)** се доделуваат на лице кое ги исполнува следните дескриптори на квалификациите:

| | |
|---|---|
| Знаење и разбирање | Покажува знаење и разбирање во научното поле на студирање кое се надградува врз претходното образование и обука, вклучувајќи и познавање во доменот на теоретски, практични, концептуални, компаративни и критички перспективи во научното поле според соодветна методологија. Разбирање на одредена област и познавање на тековните прашања во врска со научните истражувања и новите извори на знаење.<br>Покажува знаење и разбирање за разни теории, методологии. |
| Примена на знаењето и разбирањето | Може да го примени знаењето и разбирањето на начин што покажува професионален пристап во работата или професијата.<br>Покажува компетенции за идентификација, анализа и решавање проблеми.<br>Способност за пронаоѓање и поткрепување аргументи во рамките на полето на студирање. |
| Способност за проценка | Способност за прибирање, анализирање, оценување и презентирање информации, идеи, концепти од релевантни податоци.<br>Донесување соодветна проценка земајќи ги предвид личните, општествените, научните и етичките аспекти.<br>Способност да оценува теоретски и практични прашања, да дава објаснување за причините и да избере соодветно решение. |
| Комуникациски вештини | Способност да комуницира и дискутира, и со стручната, и со нестручната јавност, за информации, идеи, проблеми и решенија кога критериумите за одлучување и опсегот на задачата се јасно дефинирани.<br>Презема поделена одговорност за колективни резултати.<br>Способност за независно учество, со професионален пристап, во специфични, научни и интердисциплинарни дискусии. |
| Вештини на учење | Презема иницијатива да ги идентификува потребите за стекнување понатамошно знаење и учење со висок степен на независност. |

**2. Специфични дескриптори**
**Студиска програма:Земјоделски факултет, Енологија**
**Циклус на квалификации: III циклус, 180 ЕКТС**

| Тип на дескриптор | Опис |
|---|---|
| Знаење и разбирање | - Покажува систематско разбирање на полето на истражување во енологијата, примена на современи технологии за производство на вино и современи методи за контрола на квалитет на грозје и вино.<br>- Покажува совршено познавање на методи за истражување на нови процеси во текот на производството на вино и нови соединенија кои се формираат при различни услови на винификација.<br>- Покажува одлични вештини на истражување и разбирање во областа на енологијата согласно највисоките меѓународни стандарди.<br>- Покажува вештини за дефинирање на сложени проблеми и брзо изнаоѓање решенија со примена на современи методи и техники од областа на енологијата. |
| Примена на знаењето и разбирањето | - Покажува способност да толкува теоретски и практични проблеми од облста на производството на вино и хемискиот состав на вино, применувајќи истражувања со научен интегритет.<br>- Покажува способност да дизајнира соодветен научен пристап во утврдување на квалитетот на виното, да примени и адаптира соодветна научна методологија на истражување на сензорни и хемиски својства на виното, фактори на стабилност и зреење на виното, со донесување и прикажување на прецизни резултати и толкувања поврзани со примена на соодветни технологии на производство.<br>- Има направено придонес во развојот на винарството и енохемијата преку оригинални научни истражувања применувајќи нови технологии на производство на нови стилови на вина, со кои се развиваат нови знаење, се истакнуваат нови резултати и достигнувања значајни од областа на енологијата.<br>- Има направено придонес во развој на науката за вино преку објавување на национални и интернационални публикации во релевантни списанија и учества на национални и интернационални конгреси, конференции, семинари. |
| Способност за проценка | - Способност за критичка анализа, оценување и синтеза на нови и сложени идеи за организација на производството, подобрување на квалитетот на виното и подобрување на продажбата, покажувајќи стручни компетенции за проценка и решавање на комплексни прашања во текот на технолошките процеси.<br>- Способност за независно иницирање и учество во национални и меѓународни истражувачки мрежи и настани со научен интегритет со цел промовирање и развој на локални, карактеристични сорти вино, како и прикажување на сопствени резултати од научни истражувања. |

| | |
|---|---|
| | - Способност за независно иницирање на истражувачки и развојни проекти од областа на технологии на вино и развој на нови методи за следење на квалитетот на вино, преку кои генерира ново знаење и вештини за развој на енологијата. |
| Вештини на учење | - Се очекува да биде способен да се промовира во академски и професионални рамки во технолошкиот развој на општеството придонесувајќи развој на винарството, подобрување на квалитетот и стимулирање на отварање нови винарски визби, применувајќи го стекнатото знаење од областа на енологијата.<br>- Се очекува да покаже способност во развојот на социјалниот и културниот развој на општеството преку своето знаење за сензорно критичко оценување на квалитет на вина, промовирајќи локални карактеристични сорти. |

**3.Научно-истражувачко подрачје, поле и област, каде припаѓа студиската програма**

**Студиска програма: Енилогија**

**Студиска програма: Енологија**

| | |
|---|---|
| **Научно-истражувачко подрачје** | Биотехнички науки (4) |
| **Научно-истражувачко поле** | Прехранбена технологија (414) |
| **Научно-истражувачка област** | 41403 (друго-енологија) |

**4.Степен на образование (трет циклус)**

Студиската програма Енологија се организира во рамките на Кампус 2, Земјоделски факултет, Универзитет „Гоце Делчев”- Штип, како трет циклус на образование.

**5.Цел и оправданост за воведување на студиската програма**

Студиските програми се предмет на акредитација и усогласување според член 99 од Законот за високото образование, Сл. весник 35/08, Законот за изменување и дополнување на Законот за Високото образование 17/11. како и според Правилник за задолжителни компоненти кои треба да ги поседуваат студиските програми од прв, втор и трет циклус на студииСл. весник 25/11.

**6. Години и семестри на траење на студиската програма**

Студиската програма Енологија производи ќе се реализира во траење од три години, шест семестри.

**7. ЕКТС кредити со кои се стекнува студентот**

Со завршување на тригодишните студии од трет циклус, на студиските програми организирани од страна на Земјоделски факултет, Универзитет „Гоце Делчев”- Штип, студентите стекнуваат 180 ЕКТС.

**8. Начин на финансирање**

.
Студиските програми на Земјоделскиот факултетсе во рамките на интегрираниот Државен универзитет „Гоце Делчев“ Штип и начинот на финансирање е со
- Подршка од Буџетот на Република Македонија за Високото образование и
- Партиципација од студентите.

**9. Услови за запишување**

На универзитетски академски тригодишни студиски програми за трет циклус можат да се запишат кандидати кои имаат завршено прв и втор циклус на интегрирани студии, според ЕКТС во траење најмалку од 5 (три) години, односно вупно 300 кредити.
На универзитетски академски тригодишнистудии од трет циклус на студии може да се запишат кандидати кои имаат завршено соодветен втор циклус на студии (заедно со првиот циклус со вупно 300 кредити).
Услов за запишување имаат кандидати кои ги исполнуваат следниве општи услови:
**1.**Завршени универзитетски студии од прв и втор циклус во обем од 300 ЕКТС;
**2.**Просечна оценка од вториот циклус на студии од најмалку 8,0;
**3.**Активно познавање на странски јазик.
На докторски студии може да се запише лице кое завршило соодветни студии од втор циклус. Канидатите кои не завршиле соодветни академски студии од втор циклус, односно за кандидатите од сродна научна област, Наставно-научниот совет на докторски студии на кампусот утврдува дополнителни услови за запишување на докторски студии.
Школарината за студирање на трет циклус-докторски студии е целосно на товар на студентот и изнесува за шест семестри вкупно 3.000 ЕУР (пресметано во денари по среден курс на НБРМ на денот на уплатата). Школарината за странски државјани изнесува за шест семестри вкупно 6.000 ЕУР.

**10. Структура на студиската програма**

Студиската програма Енологија трет циклус на студии, се организира како редовни тригодишни (шест семестрални) студии и претставува можност за продлабочување на знаењата на студентите.
Во продолжение е претставена структурата на студиската програма, трет циклус, тригодишни студии, со 180 ЕКТС.

## СТРУКТУРА НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА ЕНОЛОГИЈА – ТРЕТ ЦИКЛУС

**Предметни програми, прва година - прв семестар**

| Ред бр. | **Код на предмет** | **Предмети** | **ЕКТС** | **Фонд на часови** | **Вкупно часови** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | 2ZF310117 | Енологија | **9** | **3+3+3+0** | **270** |
| 2. | 2ZF310217 | Технологии и принципи за производство вино | **9** | **3+3+3+0** | **270** |
| 3. | | Изборен факултетски предмет од листа бр.1-1 | 6 | **2+2+2+0** | **180** |
| 4. | | Изборен факултетски предмет од листа бр.1-2 | 6 | **2+2+2+0** | **180** |
| **Вкупно ЕКТС** | | | **30** | **10+10+10+0** | **900** |

**Листа бр.1-1 на изборни факултетски предмети** (се избира еден предмет)

| Ред бр. | **Код на предмет** | **Предмети** | **ЕКТС** | **Фонд на часови** | **Вкупно часови** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | 2ZF310517 | Контрола на квалитет на грозје и вино | 6 | **2+2+2+0** | **180** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 2. | 2ZF310717 | Производство на јаки алкохолни пијалоци | 6 | **2+2+2+0** | **180** |

**Листа бр.1-2 на изборни факултетски предмети** (се избира еден предмет)

| Ред бр. | **Код на предмет** | **Предмети** | **ЕКТС** | **Фонд на часови** | **Вкупно часови** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | 2ZF310617 | Нови трендови во инструментална анализа на грозје и вино | 6 | **2+2+2+0** | **180** |
| 2. | 2ZF303217 | Процесна техника во винарството | 6 | **2+2+2+0** | **180** |

**Напомена: Изборните факултетски предмети може да се избираат од една или од повеќе листи во зависност од тоа како се групирани предметите.**

**Предметни програми, прва година – втор семестар**

| Ред бр. | **Код на предмет** | **Предмети** | **ЕКТС** | **Фонд на часови** | **Вкупно часови** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | 2ZF310317 | Сензорна анализа на вино | **9** | **3+3+3+0** | **270** |
| 2. | 2ZF310417 | Микробиологија на вино | **9** | **3+3+3+0** | **270** |
| 3. | | Изборен факултетски предмет од листа бр.2 | 6 | **2+2+2+0** | **180** |
| 4. | | Универзитетски изборен предмет од листа бр.3 | 6 | **2+2+2+0** | **180** |
| **Вкупно ЕКТС** | | | **30** | **10+10+10** | **900** |

**Листа бр.2 на изборни факултетски предмети** (се избира еден предмет)

| Ред бр. | **Код на предмет** | **Предмети** | **ЕКТС** | **Фонд на часови** | **Вкупно часови** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2ZF310817 | Перспективни трпезни и вински сорти грозје | 6 | **2+2+2+0** | **180** |
| 2 | 2ZF306117 | Ампелографија | 6 | **2+2+2+0** | **180** |

**Предметни програми, втора година, трет семестар**

| Ред бр. | **Код на предмет** | **Предмети** | **ЕКТС** | **Фонд на часови** | **Вкупно часови** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2ZF320117 | Пилот истражувачки труд | 30 | 30 | 900 |
| **Вкупно ЕКТС** | | | **30** | **30** | **900** |

Кредитите за пилот- истражувачкиот труд стеудентот ги стекнува преку додатни активности кои носат одреден број на кредити и може да избере кои од додатните активности ќе ги има за да ги добие потребните 30 кредити.

| **Додатни активности** | **Кредити** |
|---|---|

| | |
|---|---|
| Меѓународна мобилност најмалку еднонеделен престој | 10 |
| Публикација во списание со импакт фактор | 10 |
| Публикација во списание со меѓународна рецензија | 5 |
| Публикација во зборник на трудови на меѓународен научен собир | 2 |
| Публикација во зборник на трудови на домашен научен собир | 1 |

**Предметни програми, втора година, четврт семестар**

| Ред бр. | **Код на предмет** | **Предмети** | **ЕКТС** | **Фонд на часови** | **Вкупно часови** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | | Докторски труд | 30 | 30 | 900 |
| **Вкупно ЕКТС** | | | **30** | **30** | **900** |

**Предметни програми, трета година, пети семестар**

| Ред бр. | **Код на предмет** | **Предмети** | **ЕКТС** | **Фонд на часови** | **Вкупно часови** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | | Докторски труд | 30 | 30 | 900 |
| **Вкупно ЕКТС** | | | **30** | 30 | **900** |

**Предметни програми, трета година, шести семестар**

| Ред бр. | **Код на предмет** | **Предмети** | **ЕКТС** | **Фонд на часови** | **Вкупно часови** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | | Докторски труд | 30 | 30 | 900 |
| **Вкупно ЕКТС** | | | **30** | **30** | **900** |

Листа бр.3 на изборни предмети од слободната листа на Универзитетски предмети за трет циклус на студии (се избира еден предмет)

| **Код** | **Листа на Универзитетски изборни предмети трет циклус** | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **П Р Е Д М Е Т** | **Кредити** | **Часови** | **Вкупно** |
| UGD300117 | Напреден академски странски јазик (англиски/германски) | 6 | 2+2+2 | 180 |
| UGD300217 | Емоционалната писменост и интелигенција во образованието | 6 | 2+2+2 | 180 |
| UGD300317 | Интеркултурна педагогија | 6 | 2+2+2 | 180 |
| UGD300417 | Образование за животна средина | 6 | 2+2+2 | 180 |
| UGD300517 | Меѓународна трговска арбитража | 6 | 2+2+2 | 180 |
| UGD300617 | Право на интелектуална сопственост | 6 | 2+2+2 | 180 |
| UGD300717 | Промоција на здравје | 6 | 2+2+2 | 180 |
| UGD300817 | Методика на пишување научен труд | 6 | 2+2+2 | 180 |
| UGD300917 | Управување со проекти | 6 | 2+2+2 | 180 |
| UGD301017 | Туристички маркетинг | 6 | 2+2+2 | 180 |
| UGD301117 | Менаџмент на човечки ресурси | 6 | 2+2+2 | 180 |
| UGD301217 | Претприемништво | 6 | 2+2+2 | 180 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| UGD301317 | Македонска музика | 6 | 2+2+2 | 180 |
| UGD301417 | Дизајн и примена на текстилни композити | 6 | 2+2+2 | 180 |
| UGD301517 | Рециклирање на текстил | 6 | 2+2+2 | 180 |
| UGD301617 | Заштита при работа | 6 | 2+2+2 | 180 |
| UGD301717 | Географски информационен систем (ГИС) | 6 | 2+2+2 | 180 |
| UGD301817 | Бизнис процеси и информациски системи | 6 | 2+2+2 | 180 |
| UGD301917 | Конечни елементи – напредни поглавја и примени | 6 | 2+2+2 | 180 |
| UGD302017 | Статистика и примени | 6 | 2+2+2 | 180 |
| UGD302117 | Микрокомпјутерска базирана инструментација во мехатроничките системи | 6 | 2+2+2 | 180 |
| UGD302217 | Методи во биохемиско-физиолошки истражувања | 6 | 2+2+2 | 180 |
| UGD302317 | Методи во научно-истражувачката работа | 6 | 2+2+2 | 180 |

**11.Научниот назив со кој се стекнува студентот по завршување на студиската програма.**

Студентот кој ќе заврши трет циклус на студии, тригодишни студии, студиските програми организирани на Земјоделски факултет, се стекнува со следното звање:

На македонски јазик: Доктор по земјоделски науки - Енологија, VIII

На англиски јазик: PhD in Agricultural Sciences - Oenology, VIII

Воедно, студентите добиваат диплома, додаток на дипломата и уверение за положени испити.

**12. Обезбедена меѓународна мобилност на студентите**

Согласно член 7 од Законот за изменување и дополнување на Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија” број 10/2015), во врска со член 94 и член 99 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија” број 35/2008), студиските програми се совпаѓаат со содржините и исходите од учењето со слични студиски програми кои се изведуваат на универзитети кои се наоѓаат на првите 50 места од соодветната област. Студиските програми на трет циклус студии се во согласност со Европската универзитетска асоцијација (European University Association - EUA) која процени и даде поддршка на институцијата во целина во нејзиниот континуиран развој и основа за меѓународна препознатливост и мобилност (Види прилог - Извештај за самоевалуација на Универзитет „Гоце Делчев“ од Штип – ПРИЛОГ IEP Evaluation Report, 2014). Тоа овозможува препознатливост на студентите и на студиските програми како и можност за вклучување на студентите во програмите за мобилност во текот на студирањето. Исто така, овозможува вклучување на студентите во современите развојни, истражувачки и индустриски центри, по завршувањето на студиите.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" - Штип
Примено: 29 10 2017
0801 911/1

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА
НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Одбор за акредитација и евалуација
на високото образование
бр. 1404-122/7
16.10. 20 17 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и член 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10, 17/11,51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 154/15, 30/2016), Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Македонија, на својата 5. седница одржана на 28.06.2017 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

**за акредитација на студиска програма „Енологија" трет циклус студии на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип**

1. Се акредитира студиска програма **„Енологија" трет циклус студии на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип** согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11).

2. Студиската програма од точка 1 на ова решение е во траење од три години (шест семестри).

3. По завршените студии на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 180 ЕКТС и со звање:
**Доктор по биотехнички науки- Енологија,**
Научно - истражувачко подрачје: Биотехнички науки,
научно - истражувачко поле: Прехранбена технологија,
научно - истражувачка област: 41403 и друго.

4. Акредитацијата на студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од **три** ( III циклус) учебни години, почнувајќи од учебната 2018/2019......

5. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА
НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

# О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на донесената одлука на Наставно научен совет на Земјоделски факултет, трет циклус циклус студиска програма „Енологија", на 15.05.2017 година до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ достави предлог за прифаќање на елаборат за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ, на меѓуседница, формира стручна комисија за оценка на доставениот предлог и врз основа на оценката на доставениот елаборат и извештајот на стручната комисија, на својата 5. седница одржана на 28.06.2017 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Претседател
на Одборот за акредитација и евалуација
на високото образование

Проф. д-р Владо Камбовски

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
УП1 Бр. 14--3093-2018
08.02.2019 година
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ "ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" - Штип
Примено: 12.02.2019
0801-189/1

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11) и врз основа на член 216 од Закон за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18), а во врска со член 104 став 4 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/2013, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 145/15, 154/15, 30/16 и 127/16), Министерот за образование и наука донесе

# РЕШЕНИЕ

**за почеток со работа на студиските програми од трет циклус тригодишни студии по Преработка и контрола на анимални производи; Фитомедицина; Генетика и селекција на растително производство; Лозарство и Енологија на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" од Штип**

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со студиските програми од трет циклус тригодишни студии по Преработка и контрола на анимални производи; Фитомедицина; Генетика и селекција на растително производство; Лозарство и Енологија на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" од Штип.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## Образложение

Универзитетот „Гоце Делчев" од Штип се обрати со барање бр. 0809-920/1 од 30.10.2018 година до Министерството за образование и наука, под наш УП1 бр. 14-3093 од 14.11.2018 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиските програми од трет циклус тригодишни студии по Преработка и контрола на анимални производи; Фитомедицина; Генетика и селекција на растително производство; Лозарство и Енологија на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" од Штип, единица во состав, по добиените Решенија за акредитација 1409-122/6 од 16.10.2018 година, 1409-122/2 од 16.10.2018 година, 1409-122/4 од 16.10.2018 година, 1409-122/5 од 16.10.2018 година и 1409-122/7 од 16.10.2018 година од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование.

Министерството за образование и наука, со Решение УП1 бр. 14-3093 од 29.11.2018 година формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиските програми од трет циклус студии наведени во точка 1 на ова решение.

Комисијата на ден 03.12.2018 година, изврши увид и изготви Извештај УП1 бр. 14-3093 од 06.12.2018 година, каде е наведено дека за студиските програми од трет циклус тригодишни студии по Преработка и контрола на анимални производи; Фитомедицина; Генетика и селекција на растително производство; Лозарство и Енологија на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" од Штип, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

**МИНИСТЕР**
**Dr. Arbër Ademi**

Доставено до:
- Именуваните
- Архива

изработил: м-р Викторија Динковска
контролирал: Снежана Лузевска
одобрил: Dr.Agim Rushiti